**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-362/5**
**Скопје, 12.06.2009 година**

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршена тематска ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд) во делот на остварување на правото на старосна пензија.

2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена тематска, но е извршена ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фонд за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Одговорност за законското остварување на правото на старосна пензија е одговорност на директорот на Фондот и на раководителите на Подрачните единици на Стручната служба на Фондот.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за наведеното од точка 1 засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 17.11.2008 до 26.12.2008 и од 12.01-30.01.2009 година.

7. Цел на ревизијата на овој извештај е утврдување на законитоста на остварувањето на правото на старосна пензија, точноста на пресметката, нејзиното евидентирање и исплата.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека:
    - остварувањето на правото на старосна пензија е обезбедено со соодветната законска регулатива;

- подрачните единици надлежни за остварување на правото од пензија располагаат со комплетна и веродостојна документација како доказ за оствареното право и
- воспоставениот систем на остварување на правото на старосна пензија обезбедува социјална сигурност и социјално осигурување на работниците во Република Македонија согласно начелото на социјална праведност.

Ревизијата вклучува анализа на законската регулатива од областа на системот на пензиското и инвалидското осигурување, организационата поставеност и функционирањето на внатрешните контроли, процедурите во сите фази од спроведување на постапката за остварување на правото на старосна пензија. Информациите за извршената ревизија се добиени преку:

- Законска регулатива, интерни упатства и прирачници кои се однесуваат на активностите од областа на системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- Анализа на базите на податоци: матичните датотеки, датотеки со електронски записи и базите на податоци за евидентирани пензионери - корисници на старосна пензија и исплатени пензии и база на финансиски податоци за осигурениците корисници на старосна пензија;
- Интервјуа со раководството и непосредните извршители во службите за спроведување на постапката и
- Извештаи од извршена ревизија од страна на Одделението за внатрешна ревизија.

9. На ден 26.05.2009 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 02-3034/2. Истите беа разгледани и забелешките на: точка 10.1. во делот на препораката алинеа 1, 2 и 3, точка 10.2.1. алинеа 4, точка 10.2.2. алинеа 5 и точка 10.2. во делот на препораката алинеа 1 и алинеа 3, точка 10.3. во делот на препораката алинеа 1 делумно се прифаќаат, додека забелешките на: точка 10.2. во делот на препораката алинеа 2 и алинеа 4, точка 10.3. во делот на препораката алинеа 2 и точка 11 и точка 12, се одбиваат како неосновани.

## 10. Пристап на ревизијата

Проверката на функционирањето на постапката за остварување на правото на старосна пензија е извршена во Централата на Фондот и Подрачните единици на Стручната служба на Фондот во Скопје, Штип, Кочани, Струмица, Гевгелија, Струга, Охрид и Битола, со примена на контроли кои се однесуваат на организацијата и начинот на вршење на работите во постапката, подзаконската регулатива, пишаните процедури, пресметката, исплатите и нивно евидентирање.

Од вкупно исплатени социјални бенефиции (плаќање до пензионери, плаќање до инвалидите, плаќање по основа на задолжително капитално финансиско пензиско осигурување и придонеси за здравствено осигурување на пензионери) во износ од 32.139.461 илјади денари во 2007 година, исплатите по основ на остварено право на старосна пензија изнесуваат 16.047.966 илјади денари.
Врз основа на податоците добиени од базите на податоци за евидентирани пензионери - корисници на старосна пензија, утврден е примерок од 253 пензиски предмети во Подрачните единици Скопје, Штип, Кочани, Струмица, Гевгелија, Охрид, Струга и Битола.

## 11. Резиме

Спроведувањето на постапката за остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување – старосна пензија се извршува во Стручната служба на Фондот и тоа во:
- Службата за архивско работење во подрачните единици;
- Службата за матична евиденција во подрачните единици;
- Службата за решавање на правата во подрачните единици и
- Службата за исплата на пензиските и инвалидските примања во Централата,

согласно Одлуката за организација на работата и систематизацијата на работните места во Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Упатството за организацијата и начинот на вршење на работите во постапката за остварувања на правата од пензиското и инвалидското осигурување со користење на податоците од матичната евиденција по автоматски пат.

Со извршената ревизија констатиравме неколку ***проблематични области*** во спроведување на постапката на остварување на правото на старосна пензија, и тоа:
- ***упатството*** како подзаконски акт со кој се регулира постапката на остварување на правото на старосна пензија има недостаток на контролни постапки во одделни фази, како и на дел од дизајнираните контроли и нивното функционирање;
- ***базата на податоци (матичните датотеки)*** која ги содржи податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигурениците, кои се внесуваат по завршувањето на секоја календарска година во која биле остварени правата од пензиско и инвалидско осигурување врз основа на доставени М Пријави, е организирана на начин кој овозможува дополна/менување на овие податоци. Документацијата како доказ за извршените измени и дополни не е лесно достапна/не е достапна за контрола на извршените измени и
- ***базата на податоци (датотеки со електронски записи)*** која ги содржи податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигурениците за секоја година работен стаж пренесени на електронски медиуми – скенирани М Пријави, не содржи комлетни и навремени информации со кои ќе се потврди вистинитоста, комплетноста и точноста на донесените решенија за пензија. Начинот на чување на М Пријавите до нивно пренесување на елекронските медиуми е организиран на начин кој не е доволно сигурен и постои ризик од нивно губење/уништување.

Стручната служба на Фондот, во правец на подобрување на постапката за остварување на правото на старосна пензија, да превземе мерки за подобрување на работата на сите Служби:

- ***пропишување на процедури*** и нивна имплементација во сите фази од постапката, ***зајакнување на постојните контролни постапки*** во делот на внес на податоците за стаж, плати и надоместоци - М Пријави и во делот на измена/дополна на претходно внесените податоци и истите да бидат поткрепени со веродостојни документи, достапни за контрола. Оваа дополна на постојното упатство/носење интерни акти, да се проследат до сите подрачни единици, заради ***унифицирање*** на постапката за остварување на правото на старосна пензија и

- ***навремено, точно и комлетно пренесување на податоците за стаж, плати и надоместоци на електронски медиуми*** преку кадровско екипирање на секторот кој врши пренос/скенирање на податоците или преку техничко зајакнување со воведување на дополнителна опрема или во делот на Централата на Фондот или во секоја подрачна единица одделно.

Фондот со превземањето на овие мерки ќе овозможи донесувањето на решенијата за признавање на правото на старосна пензија да се темели на точни, целосни и веродостојни податоци, а исплатата на пензиите ќе биде законска и наменска без можност од материјални и правни последици како за Фондот така и за самите осигуреници.

### *11.1. Служба за архивско работење во подрачните единици*

11.1.1. Службата за архивско работење во подрачните единици ги извршува следните задачи:

- **прием** на Барањето за остварување на правото на старосна пензија со потребната документација, негова архивска заверка;
- **внес** на идентификационите податоци на осигуреникот во компјутерскиот систем;
- **печатење** на „Преглед на податоци број 1„ кој ги содржи податоците за стажот, остварените плати и надоместоци за осигуреникот внесени по завршувањето на секоја календарска година, до моментот на отпочнување на постапката за остварување на правото на старосна пензија и
- софтверско **проследување** на пензискиот предмет за понатамошна обработка до Службата за матична евиденција.

11.1.2. Ревизијата ги констатира следните состојби:

- Во Подрачната единица Скопје вработени се четири архивари од кои двајца извршуваат работи и работни задачи во делот на прием на Барање за остварување на право на старосна пензија, а останатите двајца вршат внес на идентификационите податоци на осигуреникот во компјутерскиот систем. Архиварите кои вршат внес на идентификациони податоци, за најава во оваа апликација се задолжени со две кориснички имиња и две лозинки. Воспоставена е пракса овие кориснички имиња и лозинки да се користат и од страна на архиварите кои не се задолжени за внес на овие податоци, што не е во согласност со Правилникот за заштита на податоци и Техничкото упатство за заштита на податоци. Вака воспоставената пракса овозможува неовластен пристап при обработка и употреба на податоците, без јасна распределба на надлежностите и одговорностите, што придонесува да не постои можност за идентификација на лицето кое го извршило внесот на податоците во системот, ниту лоцирање на одговорноста при евентуална грешка.

- во Подрачните единици Битола, Охрид и Штип **не се печати „Преглед на податоци број 1„** додека во останатите подрачни единици овој преглед во дел од ревидираните пензиски предмети се печати по отпочнување на постапката за остварување на правото, а не во моментот на поднесување на Барањето за остварување на правото на старосна пензија, што не е во согласност со Упатството за организацијата и начинот на вршење на работите во постапката за

остварувања на правата од пензиското и инвалидското осигурување со користење на податоците од матичната евиденција по автоматски пат.
Временската неусогласеност на печатење/непечатење на „Прегледот на податоци број 1„ како доказ за реалноста и вистинитоста на податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигуреникот, до моментот на отпочнување на постапката за остварување на правото на старосна пензија, овозможува дополна/ менување на овие податоци и донесување на решение и исплата на пензија засновани на неверодостојни и непостоечки податоци.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на ревизијата од страна на Стручната служба на Фондот до сите подрачни единици доставено е укажување за начинот на спроведување на постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, со кое се задолжуваат сите подрачни единици „Преглед на податоци број 1„ да се печати и вложува во секој пензиски предмет, а за пристап во апликативниот софтер за обработка и употреба на податоците да се користи систем на кориснички имиња и лозинки за секој вработен одделно.

**Препорака:**
Стручната служба на Фондот со дополна/примена на постојното упатство /интерен акт, во делот на работните задачи на Службата за архивско работење да пропише авторизација на „Прегледот на податоци број 1„ од страна на архиварот и раководителот/началникот на Службата за архивско работење или друго овластено лице.

### *11.2. Служба за матична евиденција во подрачните единици*

11.2.1. Службата за матична евиденција во подрачните единици ги извршува следните задачи:

- **споредба/контрола** на податоците од „Преглед на податоци број 1„ со податоците од работничката книшка,
- **внес на дополнително доставени податоци** од М пријави за стаж, остварени плати и надоместоци за осигуреникот, кои не биле доставени во редовна постапка по завршувањето на секоја календарска година во која биле остварувани правата од пензиско и инвалидско осигурување,
- **печатење и авторизација** на „Преглед на податоци број 2„ кој ги содржи податоците за вкупниот број години стаж, остварените плати и надоместоци и тоа: податоци кои биле регистрирани во редовна постапка по завршувањето на секоја календарска година и дополнително внесените податоци во постапката за остварување на правото на старосна пензија,
- **проследување** на доставените М пријави во централата на Стручната служба на Фондот во Секторот за информатика за **скенирање** (пренесувањето на М Пријавите на електронски медиум) и
- **софтверско проследување** на пензискиот предмет за понатамошна обработка до Службата за решавање на правата.

11.2.2. Ревизијата ги констатира следните состојби:

- Податоците за вкуниот стаж на осигурениците, внесени во **работничките книшки** со податоците евидентирани во базата на податоци (матичните датотеки) на крај на секој година работен стаж - „Преглед на податоци број 1„ **се разликуваат** во 26% од ревидираните предмети, а во 48% од предметите не е приложен/испринтан „Преглед на податоци број 1„,

поради што ревизијата неможеше да изврши споредба на овие податоци. Несовпаѓањето на податоците се должи на: недоставени/ненавремено доставени податоци од страна на работодавецот или грешно внесени податоци од страна на Фондот.
За пензиските предмети во кои не е приложен/испринтан „Преглед на податоци број 1„ (години на стаж до поднесување на барање за пензија), постои можност да се внесат податоци за години работен стаж, плати и надоместоци, со дата пред поднесување на барањето за остварување на право на пензија, за кои не е потребно приложување на дополнителна документација во самиот предмет. Ваквата можност создава ризик дека сумарниот преглед за вкупниот број години пензиски стаж „Преглед на податоци број 2„, кој служи како основа за остварување на правото на старосна пензија, да не содржи вистинити и точни податоци за сите години работен стаж.

- Во Подрачните единици Битола, Скопје, Гевгелија и Штип, „Прегледот на податоци број 2„, **не се авторизира** од страна на матичарот (референт што врши внес на податоците во базата на податоци), што не е во согласност со Упатството за организацијата и начинот на вршење на работите во постапката за остварувања на правата од пензиското и инвалидското осигурување со користење на податоците од матичната евиденција по автоматски пат и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Од вкупниот број ревидирани пензиски предмети 48% не се авторизирани од страна на матичарот. Постои ризик во понатамошната постапка за остварување на правото на старосна пензија да дојде до менување/дополнување на податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигуреникот во матичните датотеки и одложување на нов/изменет „Предлед на податоци број 2„ во пензискиот предмет.

- Фондот нема пишани процедури со кои ќе се обезбеди **разграничување на надлежности** во матичната евиденција. Комплетирањето на документацијата, внесот на дополнително прибраните податоци за стаж, остварени плати и надоместоци од М пријавите, изработката на „Прегледот на податоци 2„, негова авторизацијата и проследувањето на предметот во понатамошна постапка на остварување на правото на пензија, се врши од страна на едно лице. Концентрирањето на сите активности кај едно лице, без контрола и авторизација за точноста на дополнително внесените податоци, содава ризик иститe да не се засновани/внесени во матичните датотеки врз основа на реални и вистините документи.
  Во Подрачната единица Скопје, со посебно овластување од 01.09.2007 година, едно од вработените лица во матичната евиденција е задолжено да врши контрола на податоците внесни во матичните датотеки, за која контрола авторизацијата е одложената на папката на пензискиот предмет, а не на секој дополнително приложен документ во истата.
  Во текот на вршење на ревизијата од страна на Фондот даден е Предлог за назначување на извршители/контролори на податоци во матичната евиденција во 6 (шест) подрачни единици пооделно.

- Фондот нема пишани процедури за начинот на **доставување/обработка/ поврат на информации за извршеното скенирање** на доставените податоци М Пријави од Службата за матичната евиденција до Секторот за информатика. Овие доставени М Пријави внесени во матичните датотеки, матичарите ги проследуваат до Сектор за информатика заради

нивно пренесување на електронски медиум - скенирање. По нивното скенирање се врши контрола/споредба на внесените податоци во матичните датотеки, со податоците на скенираните и оригиналните М пријави. Дел од М Пријавите, за кои Секторот за информатика констатира грешки при внесот на податоците, се враќаат во матичната служба заради корегирање на констатираните неправилности. Оваа повратна информација, матичната служба ја добива со закаснување и од повеќе години, поради што корекција на грешните податоци во најголем број подрачни единици не се врши навремено или воопшто не се врши.
Поради ваквата состојба Службата за матична евиденција, без да располага со информации за статусот на М Пријавите - контролирани/утврдени/неутврдени грешки, скенирани/нескенирани, предметот го проследува до Службата за решавање на права, за понатамошна обработка при што постои ризик правото за старосна пензија да се реши и понатаму да се исплаќа пензија врз основа на неточни или нецелосни податоци.

- Документацијата од матичната евиденција - М Пријави, како доказ за оствареното право на старосна пензија, се чува на **електронски медиуми.** Пренесувањето на податоците до 1995 година се вршело со апарат за микрофилмување. Во периодот на вршење на ревизијата, апаратот за микрофилмување не беше во функција поради негова неисправност, поради што на ревизијата не и беа доставени микрофилмуваните податоците за стаж, плати и надоместоци за оствареното право на старосна пензија пред 1995 година односно за 26 пензиски предмети кои во вкупниот примерок учествуваа со 10%. За останатите 227 пензиски предмети учеството на микрофилмувани податоци изнесува 69 %.
  По препорака на ревизијата апаратот за микрофилмување во текот на месец мај 2009 година е поправен и ги обезбедува потребните податоци.
  Пренесувањето на податоците за стаж, плати и надоместоци од М Пријавите на електронски медиуми по 1995 година се врши со примена на апаратот за скенирање. Учеството на овие податоци во вкупниот примерок изнесува 29 %.
  Започнувајќи од 01.01.2006 година, Фондот податоците за стаж, плати и надоместоци ги добива на магнетен медиум, со што е обезбедено генерирање на навремени, точни и вистинити годишни М Пријави, како доказ за секоја година работен стаж, кои податоци изнесуваат 2 % во вкупниот примерок.
  За сите осигуреници кои во иднина ќе го остваруваат правото на старосна пензија, за дополнително внесување на податоци за стаж, плати и надоместоци остварени пред 01.01.2006 година, кои не се регистрирани во редовна постапка по завршувањето на секоја календарска година, ќе продолжи пренесувањето на овие податоците со скенирање.




Ревизија изврши увид на вкупните години стаж, плати и надоместоци на 253 пензиски предмети преку контрола/споредба на податоците внесени во матичните датотеки со податоците од скенираните М Пријави за години на работен стаж евидентирани во редовна постапка по завршувањето на секоја календарска година и со податоците од оригиналните М пријави за години на работен стаж доставени по отпочнување на постапката на остварување на правото. Ваквата споредба овозможува да се потврди точноста и комлетноста на податоците врз основа на кои е остварено правото на старосна пензија.
На ревизијата и беа доставени 64 % скенирани М Пријави за податоци за стаж, плати и надоместоци за период од 1995 до крајот на 2005 година (1.514 скенирани М Пријави), и 585 скенирани М Пријави за остварен стаж, плати и надоместоци пред 1995 година.

За вкупно доставените 2.099 скенирани М Пријави констатирани се состојби што не се во согласност со Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување и Правилникот за обрасците на пријави за матична евиденција и тоа 17 % од скенираните М Пријави нема печат/заверка од матичарот (к-печат), додека 7 % од скенираните М Пријави немаат печат/заверка од обврзникот за уплата на придонес за пензиската и инвалидското осигурување, додека на дел од скенираните М Пријави нема јасно видлив печат/заверка од матичарот или од обврзникот за уплата на придонес за пензиската и инвалидското осигурување (к-печат);
Поради необезбедување на целокупната потребна документација М Пријави за податоците за стаж, плати, надоместоци кои имаат третман на јавна исправа и служат за докажување на фактите внесени во матичната евиденција, скенирање на непотполни и неуредни М Пријави, кои служат за како доказ за вистинитоста, точноста и целосноста на податоците внесени во матичната евиденција, кои се основ за остварување на правото на старосна пензија, ревизијата не ја потврдува веродостојноста, точноста и комлетноста на регистрираните податоци во матичните датотеки на корисниците на право на старосна пензија.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што од страна на Стручната служба на Фондот до сите подрачни единици доставено е укажување за начинот на спроведување на постапката за оставрување на правата од пензиското и инвалидското осигурување со кое се задолжуваат сите подрачни единици постапката за остварување на правото на старосна пензија да не отпочнува доколку не е приложен „Преглед на податоци број 1„ во пензискиот предмет.

**Препорака:**
Стручната служба на Фондот со дополна на постојното упатство/интерен акт, во делот на работните задачи во Службата за матична евиденција да пропише:

- во најкус можен рок да продолжи постапката за назначување на извршители/контролори во матичните служби и во останатите подрачните единици,
- авторизација на „Прегледот на податоци број 2„ од страна на референт од матичната служба и раководителот/началникот на Службата за матична евиденција или друго овластено лице;
- процедури за навремено, точно и комлетно пренесување на секој податок за стаж, плати и надоместоци М Пријава на електронски медиуми, преку кадровско екипирање на секторот кој врши пренос/скенирање на податоците или преку техничко зајакнување со воведување на дополнителна опрема или во делот на Централата на Фондот или во секоја подрачна единица одделно и
- процедури за доставување на навремени информации од Секторот за информатика до Службата за матичната евиденција за извршеното скенирање на дополнително доставените податоци - М Пријави со што ќе се овозможи корекција на констатираните грешки пред да биде завршена постапката за остварување на правото на старосна пензија.

### *11.3. Служба за решавање на правата во подрачните единици*

11.3.1. Служба за решавање на правата во подрачните единици ги извршува следните задачи:

- **контрола на висината на остварени плати и надоместоци** евидентирани во матичните датотеки од година во година,
- подготовка на **Нацрт-решение** за остварување на право на старосна пензија,
- **контрола на податоците** за стаж, плати и надоместоци;
- донесување на **Решение** за признавање на правото на старосна пензија,
- **софтверско проследување** на пензискиот предмет до Службата за исплата на пензиските и инвалидските примања во Централата преку Секторот за информатика заради исплата на пензијата.

11.3.2. Ревизијата ги констатира следните состојби:

- Во Подрачните единици Скопје, Битола и Штип Нацрт-решението за остварување на право на старосна пензија од страна на решавачот (референт што врши контрола и подготвува нацрт-решение за оставување на пензија) **се авторизира** во дел од пензиските предмети, што не е во согласност со Упатството за организацијата и начинот на вршење на работите во постапката за остварувања на правата од пензиското и инвалидското осигурување со користење на податоците од матичната евиденција по автоматски пат и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Од вкупниот број ревидирани пензиски предмети 60 % од нацрт-решенијата не се авторизирани од страна на решавачот, со што не е потврдена точноста и комлетноста на податоците за оставрување на правото на старосна пензија.

- Контролата на **отстапувања во износот на остварени плати** и надоместоци од година во година, евидентирани во матичните датотеки, се врши на начин кој овозможува субјективна проценка на ваквите отстапувања од страна на лицето кое го изработува нацрт-решението/решението за старосна пензија, од причини што нема пишани критериуми за нивото/процентот/износот на отстапувања за кое ќе е потребна повторна контрола на веќе внесените износи на плати и надоместоци на осигуреникот во службата за матична евиденција, што создава ризик од субјективна проценка и влијание врз износот на утврденото право за старосна пензија и

- **Проследувањето** на решението за признавање на правото на старосна пензија се врши истовремено до раководителот на подрачните единици за негово одобрување и авторизација и во исто време преку Службата за информатика до Службата за исплата на пензиски и инвалидски примања во Централата на Фондот заради отпочнување на исплата по истото. Вака воспоставениот начин на проследување на решението до Службата за исплата на пензиските и инвалидските примања во Централата, без истото да биде авторизирано од страна на раководителот на подрачната единица, создава ризик исплатата на старосната пензија да отпочне пред постапката за остварување на правото на старосна пензија да биде завршена.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што од страна на Стручната служба на Фондот Секторот за информатика, воспоставени се критериуми за процентот на отстапувања во износот на остварени плати и надоместоци од година во година.

**Препорака:**
Стручната служба на Фондот со дополна на постојното упатство/интерен акт, во делот на работните задачи во Службата за решавање на правата да пропише:
- процедури за проследување на решението за признавање на правото на старосна пензија во понатамошна обработка, односно авторизирано решение од страна на раководителот на подрачните единици да се проследува до Секторот за информатика и Службата за исплата на пензиски примања и
- како и да обезбеди доследна примена на обврската за авторизирање на секое Нацрт-решението за остварување на право на старосна пензија од страна на решавачот.

### *11.4. Служба за исплата на пензиските и инвалидски примања во Централата на Фондот*

11.4.1. Служба за исплата на пензиските и инвалидски примања во Централата на Фондот ги извршува следните задачи:
- отварање на **финансиски досиеја** за секој корисник на старосна пензија;
- **контрола** на пресметаните пензиски примања и отварање на **картони со финансиско досие** за новите корисници/евидентирање на новите износи за веќе постоечките корисници на пензија и
- **исплата** на пензиските примања по признати решенија за остварено право на старосна пензија.

11.4.2. Ревизијата ја констатира следната состојба:

- Вработените во одделението за ликвидатура доколку утврдат неправилности во износите на пензиските давања, го анулираат подготвениот машински чек за исплата и подготвуваат рачен чек со корегиран износ, а констатираната грешка ја исправуваат и со промена на податоците во матичните датотеки.

Ревизијата не дава препорака од причини што во текот на ревизијата донесено е упатство за техничка измена на програмата за ликвидатура, со што ќе се овозможи надминување на констатираната пракса на работење.

12. На ревизијата не и беше обезбедена целокупно потребната документација за спроведување на постапката за остварување на правото на старосна пензија (точка 10.2.2. алинеа 5) поради што беше ограничен делокругот на вршење на ревизија.

13. Поради ограничувањето на делокругот објаснет во токата 11. ние не изразуваме мислење за законитоста на остварувањето на правото на старосна пензија, точноста на пресметката, нејзиното евидентирање и исплата.

14. Во тек е проект „Стручна помош за развој на бизнис процеси и функционални барања за софтверот за поддршка на постапката за остварување на правата и исплата на пензиите за потребите на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија„ чија главна цел е да го зајакне институционалниот капацитет на Фондот, целосно да ги имплементира правните прописи од областа на пензиското и инвалидското осигурување во постапката за остварувањето на правото на пензија и нивната исплата, ефикасно да ја администрира постапката преку високософистициран информационен систем како и воспоставување на индикатори преку кои може да се оценува ефикасноста и ефективноста во реализацијата на постапката. Проектот е финансиран од средства одобрени од страна на Светска банка (83% од средствата на Светска Банка и 17% од буџетска поддршка), кои се администрираат преку СПИЛ проектот, кој ги финансира реформите во социјалните и пензиските системи.

Скопје, 03.06.2009 година

**Овластен Државен Ревизор**